**20151283758**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 23 став (9) од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12 и 27/14) директорот на Агенција за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД ЕЛЕКТРОНСКАТА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците за издавање на податоци од Електронската база на податоци за идентификација и регистрација на животните.

Член 2

За издавање на податоци од Електронската база на податоци се наплаќаат следните надоместоци:

| РБ | Вид на услуга | Износ на надоместок за физичко лице (без ДДВ) | Износ на надоместок за правно лице (без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| 1 | Издавање на општи податоци за едно одгледувалиште и одгледувач | 300 денари | 600 денари |
| 2 | Издавање на податоци за бројна состојба на животните на едно одгледувалиште | 500 денари | 800 денари |
| 3 | Издавање на општи податоци за едно одгледувалиште и одгледувач, како и за бројната состојба на животните за тоа одгледувалиште | 600 денари | 900 денари |
| 4 | Издавање на податоци за повеќе одгледувалишта, како и за бројната состојба на животните за повеќе одгледувалишта | 1500 денари | 3000 денари |
| 5 | Издавање на дополнителни податоци од точката 2 на оваа табела за движење на животните од едно одгледувалиште по животно | 10 денари | 10 денари |

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3176/5
22 јули 2015 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.